ИПАРД Агенција извршува ревизии согласно Закон за јавна внатрешна финансиска контрола ( Сл.Весник 90/09, 188/13, 192/15, 64/16, 147/17), меѓународни стандарди за внатрешна ревизија и акредитирани процедури.Секоја година Сектор за внатрешна ревизија издава Годишен план и го доставува до Сектор за јавна внатрешна финансиска контрола, Министерство за финании, до 15ти Декември за наредна година.
Планирање на ревизии е во согласност со постоечките човечки ресурси и анализа на работна оптовареност ( WLA) во Сектор за внатрешна ревизија.

Во 202, 4 ревизии се извршени и 1 самопроценка за мерката Инвестиции во Рурална јавна инфраструктура. Ревизиите кои беа спроведени:
-сметководство на ИПАРД
-Авторизација на плаќања
-одобрување на договори за мерките 1 и 7
- и ревизија на следење на препораки

Позначајни наоди констатирани при извршување на ревизиите се ненамерни технички грешки во пресметките при одобрување и исплата на финансиска поддршка , како и почитување на рокови. Сите препораки.контролни мерки и активности редовно се спроведуваат од страна на сите сектори во ИПАРД Агенција и ефективно се имплементираат.
ИПАРД Агенција е предмет на постојани проверки и ревизии од страна на на Ревизорско тело за ИПА, Сектор за управување со средства од ИПА ( Министерство за финансии), Државен завод за ревизија, Европска Комисија. На квартална основа НАО/ , Сектор за управување со средства од ИПА врши проверка на спроведувањето на сите наоди дадени од страна на Ревизорско Тело за ИПА и за истото се известува ЕК. На крајот на секоја година и почетокот на наредната година Сектор за внатрешна ревизија издава извештај за спроведени ревизии од претходната година и го доставува до Министерство за финансии, Сектор за јавна внатрешна финансиска контрола, на 15ти Јануари.
Затворање на наоди кои се однесуваат на просториите на ИПАРД Агенцијата, ИТ опрема, вработувања, унапредувања и обуки, зависи од финансиските средства одобрени од страна на Владата на РСМ и МФ, и заради овие причини потребно е време за нивно затворање.
Проблемите со кои Сектор за внатрешна ревизија се соочува е постојан недостиг на кадар, обуки ( никогаш не се поканети на ниедна обука организирана од страна на Тело за управување со ИПАРД) и унапредувања.